Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1154/22
датум 23-09-2024

# ИЗВЕШТАЈ
## од извршен надзор во Основниот суд Кичево

Комисијата за надзор над функционалноста над АКМИС формирана од Министерот за правда на ден 22.04.2024 година во 11.40 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1154/3 од 26.03.2024 година го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети во Основниот суд Кичево. Во претходно доставено писмо до судот, беше побарано за увидот да биде обезбедена документација цитирана во писмениот допис.

Надзорот започна со разговор со Претседателката на судот Фљутурие Дервиши, во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник.

Претседателката на судот наведе, дека за претседател на судот е избрана на 20.11.2023 година и дека кога стапила на должност во судот затекнала состојба во која не биле распределени 2007 предмети, а тоа биле предмети од судии кои биле пензионирани или им истекол периодот за кој биле делегирани во судот, по што предметите не биле прераспоредени. Ваквата состојба траела десетина дена, по што предметите биле прераспоредени преку АКМИС системот.

Во судот нема судски администратор. Во изминатиот период два пати бил распишан оглас за вработување на судски администратор, но истиот бил поништен. За ВД судски администратор поставена е Весна Миновска Настеска – раководител на одделение.

Во судот со систематизацијата се предвидени 132 работни места, а се пополнети 46 работни места за судските службеници, без тие што се вработени на определено работно време. Од предвидените 13 судиски места, пополнети се 8 заедно со претседателот на судот, при што тројца судии се делегирани од Скопје и еден од Основниот суд во Гостивар. Претседателката на судот наведе, дека во судот има доволно судски соработници од кои: 1 советник, 2 виши соработници и 6 соработници, но нема унапредувања на вработените. Во судот има вработено двајца информатичари од кои еден со звање советник информатичар и еден помлад


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

соработник информатичар, 4 дактилографи и 1 преведувач од албански јазик. Во судот има 10 лица кои се вработени со договори на определено време кои истекуваат на 31.12.2024 година.

Претседателката на судот истакна дека доволно се 8 судии, потребно е да се вработат уште двајца службеници во писарница, архивар, и благајник/сметководител. Наведе дека во 2023 година барале согласност за унапредување, но истата не им била дадена. Во 2024 година судот добил согласност за 7 унапредувања и две вработувања на неопределено време.

*ПРЕПОРАКА: Се препорачува соодветно планирање и пополнување на работното место „Судски администратор" и вработувања на неопределено време на судски службеници согласно потребите на судот.*

Во 2023 година судот станал ажурен, додека претходните 4 години бил неажурен. Судот има многу нерешени оставински предмети, во моментот околу 500 нерешени предмети.

Во однос на електронската достава претседателката на судот наведе дека истата функционира, но дека имаат проблем со дел од адвокатите , кои што немаат регистрирано сандаче, поради што доставата им ја вршат на приватна електронска адреса. Судот врши електронска достава и до вештите лица на нивните приватни електронски адреси, на извршителите, како и до казнено поправните домови.

Архивата во судот не е средена, со излачувањето на предметите се стигнати до 2000 година . Судот има предадено во Државниот Архив трајна граѓа за периодот од 1945-2000 година. Во архивата предметите се наредени на сталажи, недостасуваат железни ормани . Од Судскиот буџетски совет побарани се средства, за да се среди архивата и да се воведе едношалтерски систем, меѓутоа сеуште не е добиен одговор на барањето. Претседателката на судот наведе дека дополнителен терет за судот е и архивата на нотарите.

*ПРЕПОРАКА: Да се продолжи и интензивира процесот со архивирање на предметите.*

Во судската зграда е сместено и Основното јавно обвинителство. Во 2024 година судот склучил договор со Основното јавно обвинителство, да ги плаќаат трошоците за парно, струја и вода.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**1. Одлука за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот за 2022 и 2023 година**

Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот е донесена и истата е заведена СУ бр.09/2022 од 10.01.2022 година.

**2. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии за 2022 и 2023 година, дали истите се донесени до 31.12 и колку пати се менувани и дали е прибавено мислење од седница на судии и достава до сите судии**

Годишниот распоред за работа на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за последните две години, беа дадени на увид. Истите се донесени до 31 декември претходната година со запазена процедура односно на седница на судии со прибавено мислење од сите судии за што е изготвен записник.

Истите се заведени под следните броеви: 02 СУбр.191/21 од 22.12.2021 година и 02 СУ бр.166/22 од 27.12.2022 година.

Измените на годишниот распоред се донесени согласно законските основи, односно поради пензионирање, делегирање на судии и нови вработувања.

**3. Внатрешни процедури за привилегии во АМИС за 2022 и 2023 година**

Внатрешните процедури за управување со движењето на предметите во судот се донесени во склоп на Годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и истите се заведени под 02 Су бр. 4/2022-II од 22.02.2022 година и 02 Су бр.18/2023- II од 22.02.2022 година.

**4. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2022 и 2023 година**

Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување за создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување застој на движењето на предметите во судот, за контролираниот период се донесени и заведени под 02 Су бр. 4/2022-II од 22.02.2022 година и 02 Су бр.18/2023-II од 22.02.2022 година.

**5. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот за 2022 и 2023 година**

Секој судски оддел има одговорен судски службеник кој ја следи работата во одделот и доколку се појави некој проблем се известува одговорниот судија, администраторот и претседателот на судот и проблемот се решава на седница на Работното тело во судот.

*ПРЕПОРАКА: соодветно да се следи постапката за надзор предвидена во член 17 од Судскиот деловник.*

**6. Записници од одржани седници на судии на месечно ниво**

Претседателот на судот одржува редовни седници со судиите на месечно ниво, за што се изготвени записници, и истите се заведени во АКМИС.

**7. Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот**

Претседателката на судот појасни дека имаа записници од одржани седници само на кривичен оддел (СУ бр.17/2021-1 од 16.02.2021 година и СУ бр. 135/22-1 од 13.10.2022 година).

**8. Извештаи на повисокиот суд за работата на основниот суд за 2022 и 2023 година**

Апелациониот суд Гостивар извршил работна посета во Основниот суд Кичево, за што биле изготвени Извештај СУ бр. 03-274-7/23 од 27.11.2023 година и Извештај СУ бр.335-2/22 од 12.12.2022 година.

**9. Месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување**

Месечните извештаи на работното тело во судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалувањето на заостаток на нерешени предмети и застој на движењето на предметите во судот, се изработени и доставени до претседателот на судот. Извршен увид во Извештај СУ 01.бр.43/2022-1 од 16.05.2022 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**10. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за контролираниот период**

Правосилните судски одлуки редовно се објавуваат на веб - страната на судот за контролираниот период, односно биле објавени вкупно 568 одлуки за 2022 и 2023 година.

**11. Месечни распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2022 и 2023 година**

Во судот се изработуваат месечни распореди и времетраење на дежурства, за време на судската ферија и истите се евидентирани во АКМИС (СУ04 бр.46/2022 од 05.07.2022 година и СУ 04 бр.60/2023 од 04.09.2023 година. Распоредите за дежурства судот ги доставува до ОЈО Скопје и ОВР Кичево.

**12. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период**

Список на кориснички групи со степен на достапност до АКМИС за секој судија и судски службеник, за контролираниот период се изработени и заведени под Су.бр.9/2022-6 од 14.01.2022 година и Су бр.6/23-7 од 13.01.2023 година. Секој вработен се најавува со свое корисничко име и лозинка.

**13. Канцеларија за односи со јавноста**

Формирана е Канцеларија за односи со јавноста. За 2024 година портпарол на судот е судија Иљаз Исмаили кој е делегиран од Основниот суд Гостивар.

**14. Формиран оддел за судска пракса во судот**

Во судот сеуште не е формиран оддел за следење на судската пракса.

**15. На кој начин судот најмалку еднаш годишно ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите.**

Судот ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите, преку соопштенија на веб страната поврзани со сите предмети, одлуки и статистики од јавен интерес, редовно објавување на месечните, кварталните и годишните извештаи на веб страната.

**16. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети**

Судскиот службеник Дејан Личоски – советник информатичар во судот е определен за одговорен за управување со судски предмети на АКМИС-от, со Одлука Су05.бр.2/2024-16 од 05.01.2024 година.

Автоматска распределба, како и прераспределба се врши од стана на водителот на уписник на секој оддел.

**17. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот има вработено двајца информатичари од кои еден со звање советник информатичар и еден помлад соработник информатичар

**18. Организирани обуки на судски службеници за користење на АКМИС**

Не се одржуваат организирани обуки за работење во АКМИС системот. Тековни интерни обуки во врска со новитети во примената на АКМИС или обучување на нов вработен/новоизбран судија се врши од страна на вработените во судот.

*ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континурана обука за ИКТ технологијата на информатичарите и обука за другите вработени во судовите.*

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2022 и 2023 година**

Исклучување на судија од автоматска распределба на предмети се врши врз основа на законските основи со образложена одлука за причините за исклучување на судијата од распределба на предмети. За време на годишните одмори и судска ферија судиите не ги исклучуваат од автоматска распределба, освен за итните притворски предмети. Кога судиите се подолго од 5 работни дена на боледување истите ги исклучуваат од автоматска распределба. Извршен е увид во предметите СУбр.115/2022 од 06.09.2022 година, СУ бр.128/2022 од 04.10.2022 година, СУ бр.69/23 од 12.04.2023 година и СУ бр.44/2023 од 06.02.2023 година.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**20. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2022 и 2023 година.**

Повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија се врши со решение со кое се уважува изземањето доколку постои основ за тоа и се определува по конкретниот предмет да постапува следниот судија утврден со автоматска распределба. Извршен е увид во предметите СУ Изз.бр.88/2022 од 16.12.2022 година, СУ Изз.бр.165/2022 од 14.12.2022 година и СУ Изз бр.81/2022 од 11.11.2022)

**21. План за годишен одмор на судиите за 2022 и 2023 година**

Претседателката на судот појасни дека поради малиот број на судии во судот не се носи План за годишен одмор на судиите, односно се носат само Решенија за годишен одмор.

**22. Број и вид на судски оддели**

Во судот со Годишниот распоред за работа се формирани:

- Кривичен оддел и
- Граѓански оддел.

**23. Статистички извештај за работата на судот доставен до Судскиот совет на РСМ кој треба да содржи и анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети.**

До Судскиот совет се доставуваат статистички извештаи со анализа на начинот на решавање на решените предмети и тоа месечни, квартални и годишни извештаи.

**24. Судскиот администратор дали извршил распоред на вработените во судската служба со определување на нивна замена во случај на отсуство**

Распоредот на вработените во судската служба со определување на нивна замена е направен со Годишниот распоред за работа на судот.

**25. Огласна табла на судот**

Судот има огласна табла која е поставена на видливо место.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

## 26. Простории за судии поротници и адвокати

Во судот има една  просторија за адвокати.

## 27. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

На Надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Основниот суд Кичево. Бевме информирани дека во судот е доставен нов сервер кој ги задоволува потребите на судот.

Од доставениот преглед беше забележано дена судот сеуште чува огромна количина на стара нефункционална информатичка опрема која би требало да биде предадена како електронски отпад.

Останатата информатичка опрема е сосема солидна, обновена во текот на претходните години и истата може да одговори на потребите за непречено работење на судот.

Во судот има пет судници од кои две се опремени со опрема за тонско судење.

## 28. Сите одлуки на рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2022 и 2023 година

Во судот нема одлуки за рачна распределба.

## 29. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2022 и 2023 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба, но постојат и  уписници по кои постапува само еден судија и тоа:  Р, ЕК, КИ, КМ, УОСК, К-ПП, ОИД, К-ООА, ПОМ-СЕК, ПРК-М, КРИ, КРМ, ЗАМ-К.

Претседателот на судот постапува по овие уписници  СУ, СУ-ИЗЗ,КУК,УПП, ЗАВ-Х, ЗАВ-С, ИСАМ, ИСАМ-Д, ИСАМ-ВМ, ИСАМ-Л, ИСАМ-ПС, ИКП, КУИКМ, ИОИП, ИОИП-МБ, ИОИП-ПД, ИПРК, ИДС, ИПК, КС, КСМ, КУИКП, КПОВ, МВПОВ, ППОВ, РОПОВ, ТСПОВ, МВТСПОВ, ПЛПОВ, ПРК-ПОВ, КП, КПМ, ПК, ППНИ, КСП, РВПП, КР, КС-КР, ПРК-Р, СПИ, СТС, УО, УО-КМ, КНЗД.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предмети од уписници за кои е доделен само еден судија.

## 30. Скенирање на влезни документи

Надзорната комисија беше информирана дека влезните документи во Основниот суд во Кичево се скенираат, односно дека сета документација се скенира со два функционални скенери.

## 31. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.30 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш.

На денот на надзорот немаше нераспределени предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

На денот на надзорот при проверка на Контролниците беа воочени повеќе прераспределби на ист датум, како што се:

- На 08.06.2023 година – со одлука на Претседателот на судот Су.бр.86/2023 од 07.06.2023 заради пензионирање на судија Исмаил Елези сите негови нерешени предмети се распределиле кај други судии во период од два дена од 08.06 и 09.06.2023 година.
- На 21.09.2023 година - со одлука на Претседателот на судот Су.бр.133/2023 од 20.09.2023 година а заради пензионирање на судија Драган Миноски сите негови нерешени предмети се распределиле кај други судии наредниот ден, на 21.09.2023 година.
- На 13.11.2023 година – поради измена на Распоред за работа на судиите од ОС Кичево од новоизбраниот Претседател со додавање на нови судии кои се времено упатени на работа во ОС Кичево.

Исто така, забележано е вклучување и исклучување на судија на ист ден, со образложена одлука на Претседателот на судот. На пример: Су бр.69/2023 од 12.04.2023.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

На 12.04.2023 направено е вклучување/исклучување на судија од автоматска распределба на ист датум од причини што судиите кои ги работеле предметите од кривичен оддел побарале изземање и било потребно да се вклучи во автоматска распределба по уписник КОО-А судијата од граѓански оддел Драган Миноски .

**32. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

**33. Уписници што се водат во хартиена форма**

Надзорната комисија беше информирана, дека во Основен суд Кичево сите уписници се водат електронски.

**33. Надзор над работата на нотарите**

Претседателот на судот ја информираше комисијата, дека редовно одржува состаноци со нотарите во врска со заостатокот на стари нерешени оставински предмети, како и дека има донесено акционен план за решавање на овие предмети. Исто така ја информираше комисијата дека во 2024 година има вршено надзор кај нотарите. Извршен увид во Акционен план СУ .06 бр.6/2023.

*ПРЕПОРАКА Се препорачува зголемен надзор над работата на нотарите во врска со оставинските предмети пред се со цел да не се создава заостаток на нерешени оставински предмети.*

Заврши на ден 22.04.2024 во 15:15 часот.